Друштво за обезбедување на имот и лица
АРМОР СЕКЈУРИТИ ДОО
Бр. 03/139
23.02 2024 год.
ГЕВГЕЛИЈА

Архивски број: 03-3357/1
Датум: 21-02-2024

ДОГОВОР
за јавна набавка на услуги –
обезбедување на имот

Склучен помеѓу:

1. МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ, со седиште на улица „Даме Груев", бр.12 - Скопје, претставувано од Dr. Fatmir Besimi, министер за финансии, во натамошниот текст: договорен орган и

2. Друштво за обезбедување на имот и лица АРМОР СЕКЈУРИТИ ДОО Гевгелија, со седиште на ул. „Скопска", бр.9 Гевгелија, претставувано од Ристо Мелков, управител, во натамошниот текст: носител на набавката.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Со овој договор се уредуваат меѓусебните права и обврски на договорните страни во врска со јавната набавка на услуга – обезбедување на имот, по спроведената поедноставена отворена постапка, по оглас бр.20038/2023.

Составен дел на овој договор се и техничките спецификации.

Член 2

Предмет на овој договор е вршење на физичко обезбедување на имотот - на Министерството за финансии и тоа 24 часа во текот на денот, 7 (седум) дена во неделата, за период од 12 месеци.

Предмет на договорот е обезбедување на имотот на Министерството за финансии на следниве локации:

-АД „6-ти Ноември", - деловни простории на ул.„Никола Карев", бр.1, Валандово и движни ствари и

-АД „Искра-инженеринг "Куманово-управна зграда, ресторан и движни ствари, на ул.„11 Октомври", бб, Куманово.

Во случај да нема потреба од обезбедување на имотот од став 2 или став 3 на овој член, носителот на набавката е согласен вредноста на договорот да се намали за вредноста на локацијата која нема да се обезбедува.

Во случај имотот на Министерството за финансии предмет на обезбедување да се отуѓи во целост пред истекот на важноста на договорот, договорот престанува да важи поради престанок на потребата од обезбедување на имотот.

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 3

Цената за извршување на услугата - предмет на договорот за објектот АД „6-ти Ноември", на ул.„Никола Карев", бр.1, Валандово изнесува 138.500,00 денари месечно, без пресметан данок на додадена вредност (ДДВ).

Цената за извршување на услугата - предмет на договорот за објектот АД „Искра-инженеринг" Куманово, на ул.„11 Октомври" бб, Куманово изнесува 138.500,00 денари месечно, без пресметан данок на додадена вредност (ДДВ).

Вкупната максимална вредност на договорот за период од 12 (дванаесет) месеци изнесува 3.324.000,00 денари, без пресметан данок на додадена вредност (ДДВ).

Вкупната максимална вредност на договорот за период од 12 (дванаесет) месеци изнесува 3.922.320,00 денари, со пресметан данок на додадена вредност (ДДВ).

Цените за извршување на услугата – предмет на овој договор се фиксни и непроменливи за цело времетраење на договорот, во која се вкалкулирани сите трошоци кои ги има носителот на набавката за извршување на услугата-предмет на договорот.

## III. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 4

Времетраењето на овој договор е 12 (дванаесет) месеци, а сметано од 05.03.2024 година.

## IV.МЕСТО, НАЧИН И РОК ЗА ВРШЕЊЕ НА УСЛУГАТА

Член 5

Носителот на набавката е должен да ја извршува услугата - предмет на договорот, 24 часа во текот на денот, седум дена од неделата на локацијата каде се обезбедува имотот.

Носителот на набавката е должен да започне со извршувањето на услугата предмет на овој договор, веднаш по потпишување на договорот.

Доколку има потреба од обезбедување на дополнителни услови за непречено извршување на услугата-предмет на договорот (чуварница, електрична енергија-осветлување и сл.), истите се на товар на носителот на набавката.

Обезбедувањето се однесува на:

- физичко обезбедување на објектите, просториите и подвижниот имот во наведените објекти;
- контрола и преземање на мерки за заштита и известување во случај на опасност од пожар, кражби и други нарушувања на приватноста на имотот;
- надворешно и внатрешно набљудување на објектот, со цел согледување на состојбата на имотот;
- вршење надзор и контрола на влез и излез во објектите и кругот на објектите;
- спречување на лица кои неовластено сакаат да влезат, да престојуваат, да се задржуваат во објектите и кругот;
- забрана за неовластено снимање или внесување на средства и опрема за таа намена во имотот што се обезбедува;
- откривање и спречување на сите појави кои можат да ја загрозат безбедноста на објектите.

Обезбедувањето на објектот ќе се врши континуирано 24 часа во текот на седум дена од неделата.

Агенцијата е должна да прави повремени патролни обиколки заради контола на објектот и вработениот.

Лицата кои ќе вршат обезбедување потребно е:

- да го обезбедуваат објектот и задолжително треба да се физички присутни на објектот;
- да поседуваат службени легитимации за вршење на физичко обезбедување издадени од Комората на Република Северна Македонија за приватно обезбедување;

- да поседуваат дозвола за оружје, согласно Законот за приватно обезбедување.
- да постапуваат според Законот за приватно обезбедување, другите подзаконски акти, наредби, упатства, задолженија;
- да бидат униформирани, видно обележани, освен во случај кога согласно барањето на договорниот орган ќе носат друга облека;
- да отстранат сомнителни средства кои можат да го оштетат имотот
- да употребат средства за присилба доколку има потреба;
- да задржат и предадат на полицијата лице/а затечено во вршење на кривично дело за кое се гони по службена должност, до доаѓањето на полицијата;
- врши контрола и превзема мерки за заштита и известување за настанат пожар, експлозија или други непогоди;
- да вршат визуелен преглед на лица или возила по слободна процена кои се доближуваат до објектите со цел спречување на оштетување на имотот;
- да го утврдуваат идентитетот на непознати лица и, ако е потребно, да ги оддалечуваат од објектите ако немаат основа за престој;
- спречување на оштетување на имотот;

## V. НАЧИН, УСЛОВИ И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

Член 6

Договорниот орган плаќањето за извршената услуга ќе го извршува на месечно ниво и тоа во рок до 30 дена сметано од денот на приемот на фактура во писарницата со прилог извештај за извршени услуги во тој период, потпишан од страна на определено лице од носителот на набавката.

Доколку кон фактурата не е приложен извештајот за извршени услуги за периодот за кој се однесува фактурата нема да се плати, а договорниот орган истата ќе ја врати на докомплетирање на носителот на набавката.

## VI. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 7

Носителот на набавката е должен да ја извршува услугата – предмет на договорот во се според техничките спецификации од тендерската документација.

Носителот на набавката е должен услугите на физичко обезбедување на објектот да ги довери на вработени работници за обезбедување кои поседуваат лиценца за работа и легитимација согласно Законот за приватно обезбедување.

Носителот на набавката е должен на работниците за обезбедување при вршењето на работата да им обезбеди работна облека која треба да има соодветно обележје на носителот на набавката, како и ознаки од кои е очигледно какви работи и задачи извршува.

Член 8

Лицата кои ќе бидат задолжени за обезбедување на објектот на Министерството за финансии треба да го известуваат договорниот орган за сите невообичаени настани во текот на обезбедувањето на објектот во најкраток можен рок, но не подоцна од еден ден.

Лицата кои ќе го обезбедуваат објектот треба да соработуваат со Министерството за внатрешни работи, службите за спасување, противпожарната бригада и сл, за сите невообичаени настани.

Носителот на набавката треба да изготвува месечен извештај за извршени услуги, а по потреба и дневен извештај кој задолжително се доставува со фактурата за месечен надомест за извршената услуга.

Месечниот извештај за извршени услуги треба да биде потпишан од страна на определено лице од носителот на набавката.

Член 9

Носителот на набавката е должен во рок од 1 (еден) ден по потпишување на овој договор писмено да го извести договорниот орган за бројот и името и презимето на работниците за обезбедување кои ќе ја вршат услугата предмет на овој договор.

Носителот на набавката е должен за секоја промена на лицата кои ќе вршат физичко обезбедување на објектот веднаш писмено да го извести договорниот орган за нивното име и презиме и за нивната лиценца.

Договорниот орган може да бара, ако за тоа постојат оправдани причини, носителот на набавката да изврши замена на определени работници за обезбедување, кои носителот на набавката ќе ги замени во разумен рок, зависно од причината за бараната замена.

Член 10

Со започнувањето и по завршувањето на реализацијата на овој договор, договорните страни ќе извршат проверка на објектот, така што ќе потпишат поединечни записници со кој се потврдува прием и предавање на имотот што е предмет на обезбедување согласно овој договор.

## VII. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 11

Договорниот орган е должен да го изврши плаќањето на фактурата за извршената услуга во рокот определен во член 6 од овој договор.

Договорниот орган е должен писмено да го извести носителот на набавката за престанокот на потребата за извршување на услугата која е предмет на овој договор, најдоцна 15 дена пред престанокот на потребата.

## VIII. КОНТРОЛА НАД ИЗВРШУВАЊЕТО НА УСЛУГИТЕ И ОДГОВОРНОСТ ЗА ШТЕТА

Член 12

Договорниот орган може во секое време, преку определен работник, ненајавено, да изврши контрола на вршењето на обезбедувањето од страна на работниците на носителот на набавката, односно дали услугата предмет на овој договор соодветно се извршува.

Член 13

Носителот на набавката одговара за штетата што договорниот орган ќе ја претрпи поради неуредно извршување на обврските од овој договор.

Носителот на набавката е должен на договорниот орган да му ја надомести целокупната штета што ќе настане во периодот на физичкото обезбедување на објектот, а која е настаната како резултат на неквалитетно извршените услуги-предмет на договорот.

## IX. ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО И НАВРЕМЕНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 14

Носителот на набавката е должен заедно со потпишаниот договор да достави банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот.

Банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде во висина од 5% од вкупната максимална вредност на договорот со пресметан данок на додадена вредност.

Гаранцијата се доставува во вид на банкарска гаранција во писмена форма или во електронска форма доколку е издадена како таква од банката во изворно оригинална форма. Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма. Копии не се прифаќаат.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде со важност до целосното реализирање на договорот.

Банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде во валутата на која гласи договорот.

Со гаранцијата избраниот економски оператор гарантира дека предметот на договорот ќе го изврши на начинот и според динамиката предвидени во тендерската документација, односно техничката спецификација, доставената понуда и склучениот договор со договорниот орган.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде наплатена доколку носителот на набавката не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката.

Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката во рок од 14 дена од целосното реализирање на договорот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката по пошта, лично во седиштето на носителот на набавката или лично во седиштето на договорниот орган.

Договорниот орган ќе ја наплати гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот и доколку дојде до негово еднострано раскинување поради неизвршување на обврските од договорот од страна на носителот на набавката.

Договорниот орган нема да бара активирање на банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот од банката која ја има издадено доколку носителот на набавката поради непредвидени околности (виша сила или други оправдани причини) не можел да ја изврши набавката што е предмет на овој договор, во кој случај носителот на набавката треба да достави писмено образложение до договорниот орган во кое ќе ги наведе причините за неизвршување или ненавремено извршување на набавката, а кое треба да биде писмено прифатено од договорниот орган.

## X. УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ ИЛИ ПРЕКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 15

Овој договор може да се раскине спогодбено, во согласност на договорните страни.

Член 16

Овој договор може да се раскине и еднострано поради непридржување или неисполнување на договорните обврски утврдени со овој договор.

Договорната страна која поради непридржување или неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање во писмена форма.

Договорот се смета за раскинат со денот на приемот на известувањето за раскинување на договорот.

Доколку дојде до раскинување на договорот поради неисполнување или ненавремено исполнување на обврските на договорот од страна на носителот на набавката, покрај наплатата на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

Член 17

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската од другата договорна страна или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

Член 18

Кога договорната страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна може да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност на договорниот орган.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

## XI. ВИША СИЛА

Член 19

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од овој договор до кое би дошло заради виша сила.

Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови и сл.).

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.

Ако една од договорните страни е спречена да ги исполнува своите обврски заради виша сила, должна е веднаш писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од овој договор мируваат.

Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

По отстранувањето на вишата сила договорот продолжува да се реализира.

## XII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 20

Изменувања и дополнувања на договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување на договорот е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Договорот може да се изменува и дополнува со анекс на договорот потпишан од двете договорените страни во согласност со Законот за јавните набавки.

Член 21

За сé што не е предвидено со овој договор, се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за јавните набавки и од другите позитивни прописи во Република Северна Македонија.

Член 22

Во случај на спор, договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а доколку во тоа не успеат, согласни се спорот да го решава предметно надлежниот суд во Скопје.

Член 23

Обработката на личните податоци при реализацијата на овој договор да биде во согласност со одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

Член 24

Овој договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои 2 (два) примероци за договорниот орган и 2 (два) за носителот на набавката.

ДОГОВОРЕН ОРГАН:
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА:
Друштво за обезбедување на имот и лица
АРМОР СЕКЈУРИТИ ДОО
Гевгелија

МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ
Dr. Fatmir Besimi

УПРАВИТЕЛ
Ристо Мелков

Изработил: Даниела Донова Ризов
Контролирал: Даниела Јанкова
Елизабета Калачоска
Одобрил: Татјана Васева
Проверил: Daut Hajrullahi
м-р Маја Стаменковска Угриновска
Љубомир Јорданов
Согласен: д-р Јелена Таст

Прилог кон договорот

## ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ

Министерството за финансии има потреба од набавка на услуга - обезбедување на имот, на следниве локации:

- АД „6-ти Ноември", деловни простории на ул.„Никола Карев", бр.1, Валандово, со внатрешна површина на објектите од 13.231м2 и површина на двор од 19.038 м2 и движни ствари и
- АД „Искра-инженеринг "Куманово-управна зграда, ресторан и движни ствари, на ул.„11 Октомври", бб, Куманово, со внатрешна површина на објектите од 3.188м2.

Во случај да нема потреба од обезбедување на еден од имотите – предмет на обезбедување, носителот на набавката е согласен вредноста на договорот да се намали за вредноста на локацијата која нема да се обезбедува.

Избраниот носител на набавката ќе ја извршува услугата - предмет на набавката за период од 12 месеци.

Носителот на набавката е должен да ја извршува услугата 24/7 на локацијата каде се обезбедува имотот.

Во случај имотот на Министерството за финансии – предмет на обезбедување да се отуѓи во целост пред истекот на договорот, договорот престанува да важи поради престанокот на потребата од обезбедување на имотот.

Обезбедувањето се однесува на:

- физичко обезбедување на објектите, просториите и подвижниот имот во наведените објекти;
- контрола и преземање на мерки за заштита и известување во случај на опасност од пожар, кражби и други нарушувања на приватноста на имотот;
- надворешно и внатрешно набљудување на објектот, со цел согледување на состојбата на имотот;
- вршење надзор и контрола на влез и излез во објектите и кругот на објектите;
- спречување на лица кои неовластено сакаат да влезат, да престојуваат, да се задржуваат во објектите и кругот;
- забрана за неовластено снимање или внесување на средства и опрема за таа намена во имотот што се обезбедува;

- откривање и спречување на сите појави кои можат да ја загрозат безбедноста на објектите;

Обезбедувањето на објектот ќе се врши континуирано 24 часа во текот на седум дена од неделата.

****<u>**Агенцијата е должна да прави повремени патролни обиколки заради контола на објектот и вработениот.**</u>

Лицата кои ќе вршат обезбедување потребно е:

- да го обезбедуваат објектот и задолжително треба да се физички присутни на објектот;
- да поседуваат службени легитимации за вршење на физичко обезбедување издадени од Комората на Република Северна Македонија за приватно обезбедување;
- да поседуваат дозвола за оружје, согласно Законот за приватно обезбедување.
- да постапуваат според Законот за приватно обезбедување, другите подзаконски акти, наредби, упатстава, задолженија;
- да бидат униформирани, видно обележани, освен во случај кога согласно барањето на договорниот орган ќе носат друга облека;
- да отстранат сомнителни средства кои можат да го оштетат имотот
- да употребат средства за присилба доколку има потреба;
- да задржат и предадат на полицијата лице/а затечено во вршење на кривично дело за кое се гони по службена должност, до доаѓањето на полицијата;
- врши контрола и превзема мерки за заштита и известување за настанат пожар, експлозија или други непогоди;
- да вршат визуелен преглед на лица или возила по слободна процена кои се доближуваат до објектите со цел спречување на оштетување на имотот;
- да го утврдуваат идентитетот на непознати лица и, ако е потребно, да ги оддалечуваат од објектите ако немаат основа за престој;
- спречување на оштетување на имотот;

****Лицата кои ќе го обезбедуваат објектот треба да соработуваат со Министерството за внатрешни работи, службите за спасување, противпожарната бригада и сл, за сите невообичаени настани.

****Носителот на набавката треба да изготвува месечен извештај, а по потреба и дневен извештај, за извршени услуги кој задолжително се доставува со фактурата за месечен надомест за извршената услуга

НАПОМЕНА: Агенцијата, како вршител на обезбедувањето, ја презема одговорноста за штетата што ќе настане при извршувањето на дејствијата наведени во претходните ставови на барањето, како и за штетата што ќе настане со неизвршувње на наведените

дејствија. Согласно со наведеното, вршителот е должен да ја надомести настанатата штета на договорниот орган.

**НАПОМЕНА: Доколку има потреба од обезбедување на дополнителни услови за непречено извршување на услугата за обезбедување на имотот на наведените локации (чуварница, електрична енергија-осветлување и сл.), истите се на товар на носителот на набавката. Во објектите кои се предмет на обезбедување нема струја.**